**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 20.05.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2197/1 | | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен годишен;
2. **Субјект на надзорот:** сите радиодифузери;
3. **Период опфатен со надзорот:** 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 мај 2026 година;
5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 15 став 6 од Законот за медиуми** („Службен весник на РМ“ бр. 184/13 и 13/14 и „Службен весник на РСМ“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25) - „Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му доставaт писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Северна Македонија или надвор од неа“.

6. **Претходно изречена мерка:** /
7. **Констатации од надзорот:**

Вкупно 90 радиодифузери (34 телевизии и 56 радија) имаа дозволи за радио или телевизиско емитување во 2025 година. Од нив вкупно 89 ја исполнија обврската од член 15 став 6 од Законот за медиуми да достават извештаи за спроведувањето на обврските утврдени во дозволите за 2025 година. Единствено ТВ ПЛУС не ја исполни обврската да достави писмен извештај, и за него е подготвен посебен извештај во кој е констатирано прекршување на одредбите од членот 15 став 6 од Законот за медиуми.

Во законски утврдениот рок, до 31 март во тековната година, извештаи доставија вкупно 27 телевизии и 54 радија. Следниве радиодифузери ги доставија извештаите по 31 март 2026 година: радијата - Радио Ла Коста и Радио Струга, и телевизиите - ТВ Компани 21-М, ТВ Кобра, ТВ Б1, ТВ Феста, ТВ Свет и ТВ Дибра.

Според податоците од доставените извештаи, сите радиодифузери, генерално биле во рамки на програмските концепти утврдени во дозволите за емитување.

Од анализата ги издвојуваме следниве податоци:

**Телевизии**

Во 2025 година, 30 телевизии од вкупно 33 што доставија податоци, неделно емитувале 168 часа програма, а само 3 телевизии емитувале помалку од 168 часа програма неделно.

Во однос на структурата на емитуваната неделна програма, сите телевизии известија дека направиле извесни промени во минутажата и во емитуваните видови програми од сите медиумски функции - информативната, образовната и забавната функција.

Според извештаите, 21 телевизии до 50% од програмата создавале надвор од своите простории, додека 12 телевизии повеќе од половина од програмата создавале надвор од просториите. Вкупно емитуваната сопствена програма во просек била застапена околу 55 часа неделно од максимални 168 часа неделно, а минимумот регистрирана сопствена програма е 2 часа неделно.

Од сопствената емитувана програма доминира информативната програма. Кај 9 телевизии подеднакво биле застапени програмите со информативна, забавна и образовна функција, кај 4 телевизии доминирале програмите со образовна функција, а кај 3 телевизии доминирале програмите со забавна функција.

На неделно ниво, кај сите телевизии заедно, најмногу биле застапени програмите произведени на јазикот од дозволата за емитување. Потоа следат титлуваната програма, па нахсинхронизираната и истовремено титлуваната и нахсинхронизирана програма (кои заедно биле застапени колку титлуваната програма), а пријавен е и мал дел содржини емитувани без говорен дел.

Телевизиите кои емитуваат програми на регионално и на локално ниво, локалните настани и другите информации од своите подрачја најчесто ги третирале преку програми што исполнуваат информативна функција.

Во однос на законската обврска за емитување најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела на дневно ниво, 26 телевизии изјавиле дека во 2025 година емитувале повеќе од законскиот минимум, а 7 телевизии изјавиле дека емитувале во рамки на законскиот минимум.

Во текот на годината, 23 телевизии емитувале програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура, а 32 телевизии емитувале и домашна музика изворно создадена во државата.

Од вкупно 33 телевизии што доставија податоци, 16 пријавија дека емитувале програма од странски сервиси, поточно, вестите од Гласот на Америка.

Најголем дел од телевизиите (вкупно 24) во 2025 година емитувале програми наменети за деца, а речиси половина од нив (вкупно 16) се изјасниле дека емитувале и содржини прилагодени за лицата со сетилна попреченост.

Вкупно 29 телевизии во 2025 година одржувале свои веб страници, но тие не биле прилагодени за да бидат достапни на лицата со сетилна попреченост. Вкупно 20 телевизии известиле дека нивната програма била достапна на интернет во живо (преку стриминг), а 8 од нив обезбедувале содржини достапни по барање (on demand). На 9 телевизии програмата се реемитувала во странство.

Во однос на проблемите со кои се соочувале во секојдневното работење, најголем дел од нив ги истакнуваат потешкотиите со финансирањето, поврзани и со слабиот интерес за рекламирање, и со одливот на рекламирањето кон други медиуми.

**Радија**

Според обработените податоци за 2025 година, 55 од 56 радија реализирале програмска шема од 168 часа неделно.

И годинава музиката била носечки сегмент во програмската структура кај сите радија. Во рамки на говорниот дел од неделната програма, најголема застапеност имале содржините со забавен карактер – доминантни кај 28 радија. Информативните содржини биле најзастапени кај 15 радија, програмите со образовна функција преовладувале кај две радија, а кај едно радио подеднакво биле застапени информативните и забавните содржини. Во овие податоци не се опфатени 10 радија кои според форматот се музички, бидејќи кај нив говорната програма учествува со најмногу 5% во вкупната програма.

Согласно издадените дозволи за радио емитување, пет радија имаат обврска да емитуваат програма на повеќе од еден јазик. Кај три од нив, во текот на годината, доминантен дел од содржината бил емитуван на македонски јазик, додека кај преостанатите две радија, најголемиот дел од програмата бил емитуван на албански јазик.

Во однос на сопствената програма, 23 радија емитувале до 20 часа неделно сопствена програма, а исто толку (23) радија емитувале повеќе од 20 часа неделно сопствена програма. Овие податоци не ги вклучуваат музичките радија (10 радија).

Од вкупно 56 радија, 34 емитувале вести од сопствено производство. Притоа, кај 18 радија вестите биле во кратка форма, со времетраење до 5 минути, додека 12 радија емитувале информативни изданија во времетраење од 5 до 15 минути. Три радија подготвувале подолги вести, со времетраење над 15 минути, а едно радио не обезбеди податоци за должината на своите вести.

Само осум радија користеле вести преземени од други домашни или странски извори, меѓу кои: Гласот на Америка, МИА, Телевизија 24 Вести, Макфакс, Радио Слободна Европа, радио Канал 77 и други.

Од регионалните и локалните радија (без радијата на државно ниво и музичките сервиси – вкупно 14), 30 радија изјавиле дека обработувале теми релевантни за своето подрачје на емитување. Од нив: 11 објавувале информативни локални содржини, пет радија емитувале содржини со забавна функција, три радија содржини со образовна функција, кај осум радија содржините биле комбинирани со информативно-забавна функција, и три радија емитувале содржини од сите три медиумски функции. Останатите 12 радија не третирале настани од подрачјето на емитување.

Вкупно 21 радио реализирале програми насочени кон промоција и зачувување на националната култура. Кај 18 радија годишниот обем бил под 100 часа, додека кај 3 радија надминал 100 часа.

Домашна музика емитувале 52 радија.

Според жанровската застапеност на музиката, радијата најмногу емитувале популарна музика (42 радија), 11 радија претежно емитувале народна музика и три радија имале еднаква застапеност на популарна и народна музика. Најчесто застапен јазик во музичката програма бил македонскиот, а веднаш потоа англискиот јазик.

Само две радија известија дека во текот на годината имале потешкотии при реализацијата на програмскиот концепт поврзани со технички причини. Едно радио извести дека неговата програма во 2025 година се реемитувала и во земјата и во странство.

Вкупно 54 радија овозможиле интернет-достапност на својата програма: 52 преку директен пренос во живо (streaming), а 2 радија преку содржини достапни по барање (on demand). На пет радија веб-страниците биле прилагодени за лица со сетилна попреченост.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***